**Лидија ДАВКОВА** **УДК: 343.9.024 (497.7)**

# ОТКРИВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО ВО Р. МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Феноменот на перење пари во изминатите години ги прошири своите димензии користејќи ги интензивните процеси на глобализација, технолошка трансформација и европска интеграција. Особено во Р. Македонија, како земја во транзиција, дојде до суштински промени во врска со природата на казнивите дела, така што преку организираниот криминал, корупција, измами и даночно затајување се создадоа значителни незаконски приходи, кои претставуваат закана за демократијата, човековите права, владеењето на правото и стојат на патот на развојот на пазарната економија и странските вложувања.

Имајќи го предвид фактот дека методите и техниките кои ги користат криминалците постојано добиваат нови димензии, најголемиот дел од незаконските дејствија се одвиваат надвор од финансискиот систем преку готовински промет, особено е тешко на органите на прогон да ги детектираат основите на сомнение дека е сторено кривично дело од овој вид. Од друга страна, јавните обвинители не располагаат со доволно механизми и материјални докази за докажување на криминалната содржина опфатена во законското битие на делото, имајќи го предвид фактот дека станува збор за особено комплексно дејствије на постапување на кое секогаш му претходи друго инкриминирано дејствије.

Недостатокот на соодветни механизми и законски решенија за откривање и докажување на кривичното дело *перење пари и други приноси од казниво дело* претставува сериозен проблем во борбата против спречување и превенција на перењето пари.

**Клучни зборови:** *методи, техники, процес на перење пари, правна инкриминација, проблеми.*

**Lidija DAVKOVA**

# DETECTING AND PROVING THE CRIMINAL OFFENSE OF MONEY LAUNDERING AND OTHER INCOMES FROM A PUNISHABLE ACT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** The money laundering phenomenon has recently expanded its dimensions by using intensive processes of globalization, technological transformation and European integration. Especially in the Republic of Macedonia as country in transition, a fundamental changes have been occurred

to the nature of the offenses so that through organized crime, corruption, fraud and tax evasion a substantial illegal income has been created, posing a threat to democracy, human rights, the rule of law and stand in the way of development of market economy and foreign investment.

Given the fact that the methods and techniques used by criminals constantly receives new dimensions, the bulk of illegal activities take place outside of the financial system through cash flow, it is difficult for the prosecuting authorities to detect the grounds of suspicion for the criminal offense of this kind. On the other hand the public prosecutors do not have enough mechanisms and evidence for proving the criminal content covered in the legal existence of the criminal act, taking into account the fact that it is a particularly complex criminal offence which is always preceded by another criminal offence.

The lack of appropriate mechanisms and legal solutions for detection and proving the criminal offence of "money laundering and other incomes from a punishable act," is a serious problem for the money laundering prevention.

**Keywords:** *methods, techniques, process of money laundering, incrimination, legal problems*

**Вовед**

Перењето пари, како феномен од глобални размери, претставува сериозна закана за секоја национална економија и истото го разорува не само системот туку и влијае врз квалитетот на животот на секој граѓанин.

Преку перењето на валканите парични средства и другите криминални приноси се овозможува креирање на уште еден паралелен систем на сива економија кој делува паралелно со националниот. Сето ова може да доведе до парализа на институциите на системот и инфилтрирање на криминалните организации во него, со цел преточување на нивната финансиска моќ во политичка. Ова е особено сериозен проблем, бидејќи таквото нешто би довело до тоа да се креира законска регулатива која наместо да го спречи перењето пари истата би го олеснила.

Во овој труд се анализира процесот на перење пари и техниките кои ги користат сторителите на ова кривично дело, кои го оневозможуваат процесот на откривање и докажување на неговата криминална содржина, заради процена на идните потенцијали потребни за ефикасно спроведување на законот.

## 1. Поим и процес на перење пари

### 1.1. Поим на перење пари

*„Позади секое големо богатство постои кривично дело"*
*– Оноре де Балзак*

„Трансформација на паричните средства стекнати на криминален начин во легални парични средства" е најкратко објаснување на поимот

перење пари, но поимот трансформација во овој контекст има и огромно значење. Зад овој поим се кријат илјадници шеми и процеси, кои опфаќаат многу луѓе, правни субјекти, институции и легални активности на секојдневието, во чија позадина се кријат разни криминални активности, како тесно поврзани, така и сосема различни и спротивставени едни на други, а сепак со една еднствена цел - прикривање на криминалното потекло на парите и другите имотни користи за да се дојде од состојба од нелегалитет во легалитет. Имено, овој поим претставува нешто повеќе од обичен криминален чин, ги прикажаува недоречностите на системот, недоволната инкриминцијата на човековите активности, недобрата организираност на институциите, недостатокот на механизмите и потребите за промени во еден државен систем. Силната држава се познава по квалитетот и квантитетот на механизмите кои ги поседува во институциналниот систем, созданени во насока да ја одбранат од криминалните активности на одредени групи, да го спречат криминалот и да овозожат законите да имаат подеднакво правно дејство спрема сите граѓани, без исклучок.

Традиционално, перењето пари се сфаќа како перење на „валканите” пари кои потекнуваат од криминални активности поврзани со нелегална трговија со дрога и наркотици.[1] Ова сфаќање е далеку одминато и денес перењето пари опфаќа многу други облици на криминални активности.

Најсеопфатна дефиниција на поимот перење пари е онаа која истиот го смета како процес преку кој добивките за кои основано се верува дека потекнуваат од криминална активност, се транспортираат, трансферираат, конвертираат или вградуваат во легалните фондови, со цел да се прикрие нивното потекло, изворот, движењето или сопственоста.[2]

### 1.2. Процес на перење пари

Иако сложен, процесот на перење пари опфаќа три основни фази и тоа:

1. Фаза на пласман (placement),
2. Фаза на прикривање (layering),
3. Фаза на интеграција (integration).

Иако секој процес на перење пари секогаш не може да се подведе на постоење на секоја од овие фази и тие секогаш не се одвиваат одделно, сепак во теоријата овие фази се користат за аналитичко разбирање на процесот.

1) Peter Lilley “Dirty dealing: The untold truth about global money laundering, internatonal crime and terrorism” third edition, Kogan Page Limited, 2006.

2) Витларов, Т.: Казенено право. Посебен дел (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2008, стр. 58.

*Фазата на пласман* или „placement" претставува почетна и основна фаза од процесот на перење пари и истата опфаќа низа активности на внесување на стекнатите приноси од кривично дело во финансискиот систем на државата преку нејзините финансиски институции, банките, казината, менувачниците, продавниците и останатите бизниси.[3] Ова ја подразбира, на пример, операцијата позната како „smurfing" односно разложување или раситнување на големи износи на парични средства во помали износи и нивно депонирање на банкарска сметка, отплата на кредит со нелегитими средства, криумчарење на готовината надвор од земјата, купување на скапоцени предмети, уметнички слики и нивно препродавање и низа други активности. Карактеристично за оваа фаза е тоа што шансите за откривање на нелегалните средства се најголеми, бидејќи внесувањето на готови пари во легалниот финансиски систем може да пробуди сомнеж кај органите надлежни за следење на текот на финансиските трансакции.

*Фазата на прикривање* или „layering" опфаќа серија активности на дислокација на паричните средства од нивниот нелегален извор. Оваа фаза, всушност, ги претставува дејствијата на прикривање на нелегалниот извор на паричните средства и давање привид дека потекнуваат од легални активности. Ова подразбира користење на земјите на даночен рај, шел-корпорации и трустови, формирање на фиктивни трговски друштва, фиктивни фактури и низа лажни трансакции, со цел да се прикријат трагите на нелегитимите парични средства формирани во фазата на пласман.

*Фазата на интеграција* или „integration" е крајната фаза од процесот на перење пари и истата претставува враќање на паричните средства кај сопственикот, но сега како „чисти" („испрани") парични средства од легитимни извори. Таа е резултат на успешно завршениот процес на прикривање на криминалното потекло на паричните средства низ низата активности и механизми кои најчесто опфаќаат инволвираност на повеќе лица, трговски друштва и финансиски институции, за потоа како легитимни да се вратат повторно кај нивниот сопственик.

Ова се остварува со купување на недвижен имот, автомобили, благородни метали, накит или вредни антиквитети или, пак, средствата можат да се инвестираат за работа со легитимни деловни потфати.[4]

Овие фази ќе ги објасниме преку следниот пример на перење пари (слика 1):

[3] Наумовски, В.: „Спречување на перење пари и финансирање на тероризмот", Универзитет „Американ колеџ" - Скопје, 2011, стр.14.

[4] Strategic Intelligence Unit of the Crime and Misconduct Commission (CMC),"Money laundering", July 2005, page 4




*Слика 1. Шема на перење пари*

Лицето А стекнало готовински парични средства преку нелеглна трговија со наркотични средства.

– *Фаза на пласман* - Готовината ја депонира во банкарска сметка на име на фирмата X. (Во пракса најчесто криминалците ја користат операцијата „smurfing”, односно ги раситнуваат големите износи на парични средства во ситни и ги депонираат во повеќе банкарски сметки лично или преку други лица.)
– *Фаза на прикривање* - Паричните средства потоа фирмата X ги трансферира на сметка отворена во оф-шор банка и преку истата дава позајмица на фирмата Y.
– *Фаза на интеграција* - Фирмата Y и фирмата X имаат договор за деловна соработка. Фирмата Y врши плаќање по однос на фиктивна фактура спрема фирмата X. Паричните средства повторно завршуваат кај фирмата X, но сега како легално стекнати врз основа на извршени услуги спрема фирмата Y. Сопственик на фирмата X е лицето А кое потоа со парите купува недвижен и движен имот.

Имотот е купен со легални финансиски средства. Остварена е целта на перењето пари - легализација на нелегално стекнатиот имот.

### 2. Правна инкриминација на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело

Перењето пари е инкриминирано како посебно кривично дело *перење пари и други приноси од кривично дело* во чл. 273 од Кривичниот законик на РМ, според кој се смета дека законското битие на ова кривично дело е остварено за секој:

„...што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост...”

Во став 2 на овој член е предвидена казнена одговорност и на „тој што поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи, непријавување на факти или на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост”.

Како што можеме да забележиме, најважен момент во законското битие на делото претставува постоењето на свест кај сторителот, односно дејствијата кои сторителот ги презема мора да ги преземе со намера да го скрие криминалното потекло на имотот и неговото движење. Значи мора да се докаже свесноста на сторителот за криминалниот извор на материјалните средства, за потоа преземаните дејствија да може да се поврзат со неговата намера за скривање на изворот.

Ова само по себе претпоставува докажување на постоење на предикативно дело.

Предикативно дело е законски забрането дејствије кое е или мора да биде содржано во друго кривично дело.[5]

Предикативното дело е поврзано со перењето пари доколку не се докаже предикативното дело – нема услови за кривично гонење за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело. Токму предикативното дело во пракса прави најмногу проблеми во однос на неговото докажување. Сепак, во овој контекст добро е да се истакне дека застареноста на предикативното дело не го спречува кривичното гонење за кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело.

Законот дури пропишува одговорност и за оној кој бил должен и можел да знае за криминалното потекло на парите, имотот и другите приноси од криминалната активност, околности кои можат да бидат утврдени врз основа на објективните фактички околности на случајот.

---

5) Alex Marriage: ”Secret structures,hidden crimes: Urgent steps to address hidden ownership”, 2013, стр.19.

***Што е она што ги прави тешки откривањето и докажувањето на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело?***

*„Тајната на успехот е да не поседуваш ништо,*
*а да контролираш сè”*
*– Нелсон Рокфелер*

Повеќето јуридикции поаѓаат од ставот дека за да постои перење пари мора да се докаже дека целиот износ или пак негов добар дел од стекнатиот имот потекнува од криминално дело - предикативно дело. Многу јурисдикции како предикативни дела ги сметаат делата поврзани со трговија со дрога, организиран криминал, криумчарење мигранти и дела поврзани со терористички активности. Во многу земји како предикативни дела на перењето пари се сметаат само сериозни кривични дела додека во други секое кривично дело може да се јави како предикативно дело на перењето пари. Сепак во најголем дел од нив доколку не се докаже криминалното потекло на парите не може да се покрене кривично гонење за перење пари.[6]

Согласно со принципот на двојно законодавство може да се покрене кривично гонење за перење пари доколку предикативното дело е извршено во друга земја само доколку во таа земја истото е, исто така, инкриминирано како кривично дело.

И нашето законодавство поаѓа од ставот дека мора да се докаже криминалното потекло на парите, а тоа значи докажување на постоењето на предикативното дело за потоа да може да се покрене кривично гонење за перење пари и други приноси од кривично дело.

И не само тоа, мора да се најде поврзаност помеѓу паричните средства стекнати со криминалната активност со „испраните” парични средства. Ова претставува сериозен проблем ако се знае дека најчесто криминалните приноси се помешани со легалните приноси, а тоа е еден од начините за прикривање на нивниот криминален извор.

Во нашиот правен систем се воспоставени низа механизми за спречување на перење пари и низа институции го следат секое движење на паричните средства и имотот остварен од физичко или правно лице и ги известуваат органите надлежни за прогон за сомнителни трансакции или можни неосновани стекнувања на имот.

Она што нè загрижува е токму фактот дека и покрај бројните органи кои имаат законски утврдена должност да вршат контрола, да следат сомнителни трансакции и редовно да ги известуваат органите на прогон за потенцијалните криминални активности за кои осознаваат во рамките

6) Преведено од Alex Marriage: ”Secret structures,hidden crimes: Urgent steps to address hidden ownership”, 2013, стр.19.

на своите надлежности, и покрај тоа што органите за прогон редовно дознаваат за бројни можни криминални активности поврзани со перење пари, мал е бројот на судски пресуди за кривично дело перење пари и други приноси од казнено дело.

Во прилог на горенаведеното, извршивме анализа на структурирани податоци добиени од надлежните органи во однос на бројот на поднесени кривични пријави, покренати обвиненија и резултатите од кривичните постапки водени пред судот. Податоците прикажани во табелата се изворни статистички податоци добиени директно од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за внатрешни работи и Управата за финансиска полиција, обезбедени од страна на авторот за потребите на истражувањето на правната проблематика која авторот ја разработува во својот магистерски труд насловен како „Проблемот со докажување на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело".

*Табела 1. Поднесени кривични пријави, покренати обвиненија и оставарени резултати за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело во периодот од 2010 до 2015 година*

| Поднесени кривични пријави во 2010,2011,2012,2013,2014 и 2015 година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Поднесени кривични пријави | | | Поднесен обвинителен акт | Отфрлена пријава | Прекфалифика ција во друго кривичн о дело | Истрага во тек | исход | | |
| | ОЈО | МВР | УФП | | | | | Осудителна пресуда | Ослободителна пресуда | Постапка во тек |
| 2010 | / | 6 | 1 | 3 | / | 1 | 3 | 2 | / | 1 |
| 2011 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 4 | 1 | / | / |
| 2012 | 1 | 6 | / | 2 | / | 3 | 2 | 2 | / | / |
| 2013 | 1 | 10 | 1 | 4 | 1 | 4 | 3 | 4 | / | / |
| 2014 | / | 5 | / | 3 | / | / | 2 | / | / | 3 |
| 2015 | 1 | 6 | / | 1 | 2 | / | 4 | / | / | 1 |

Во периодот од 2010 до 2015 година, од поднесени вкупно 45 кривични пријави, само за 14 од нив е покренато обвинение и има само 9 осудителни пресуди. Вкупно 10 од поднесените кривични пријави за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело претрпеле правна квалификација во друго кривично дело, а 4 биле отфрлени поради непостоење на елементи на сторено кривично дело.

Резултатите од истражувањето укажуваат на фактот дека јавните обвинители многу тешко се одлучуваат на покренување на обвинителен акт за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело. Тоа е затоа што неговото законско битие е тешко за докажување пред суд.

Во прилог на тоа оди ставот на кривичното законодавство дека товарот на докажување е секогаш на обвинителот. Откривањето на имот за кој сопственикот не може да докаже како го стекнал е ирелевантно за кривичната постапка, бидејќи за да се покрене истрага мора да постојат материјални докази кои ќе претпоставуваат постоење на основано сомнение дека е извршено кривично дело. Оттаму, истрагите траат долго и бараат вложување на голема енергија, кадровски капацитети и употреба на многу ресурси. Често пати истрагите завршуваат без успех, а трошоците за нив се големи.

**3. Техники на перење пари кои го оневозможуваат неговото откривање и докажување**

Традиционално перењето пари е застапено во т.н „cash economies", земји каде што сè уште е најзастапен готовинскиот промет. Покрај традиционалното перење на парите преку нивно внесување како готовина во банкарскиот систем, во практика се среќаваат и современи техники на перење пари. Тука фактички спаѓаат сите безготовински начини на перење на пари: електронски трансфер на пари, употреба на парични картички, кредити, хартии од вредност, осигурителни полиси итн.

**3.1. Употреба на фиктивни фактури и фирми „перачи"**

Многу чести случаи на перење пари во Р. Македонија се оние со употреба на фиктивни фактури за извршени услуги, најчесто консултантски услуги, истражувања на пазарот и сл.

Фирмата која наводно е давател на услугата сама ја диктира цената на услугата која најчесто е преценета или пак воопшто не е извршена, што е особено тешко за докажување. Ова само по себе претпоставува не само парите да се исперат, туку и да се намали обврската за данокот на додадена вредност, со што директно се врши даночно затајување. Оваа шема може да се открие доколку фиктивните фактури се однесуваат на промет на добра доколку се истражи потелото на доброто и се докаже дека истото не постои (фирмата која продава стока мора да има влез на истата), меѓутоа тешко е докажувањето кога се употребени фиктивни фактури за извршени услуги.

**3.2. Употреба на платежни картички**

Паричните картички сè повеќе се злоупотребуваат во функција на перење пари. Тоа особено доаѓа до израз со купувањето стоки или користењето одредени услуги преку интернет. Тука е тешко да се утврди идентитетот на купувачот (познати се случаите на кражба на идентитетот - identity theft). Треба да се има предвид дека утврдениот идентитет не

значи спроведување на политиката на запознавање на комитентот (know your customer). Тоа е невозможно при купувањето преку интернет и употребата на парични картичи. На тој начин криминалците лесно можат да ги исперат своите пари преку нивниот пласман во одредени производи или услуги[7].

Особено интересен начин на перење па пари, за кој сметам дека во иднина сè повеќе ќе се употребува е купувањето на т.н. виртуелни пари, како што се bitcoint, onecoint итн., чијашто вредност од ден на ден сè повеќе е во пораст. Овие виртуелни пари можат да се купат на интернет преку најразлични платежни картички. Потоа можат неограничено да се префрлуваат од една на друга корисничка сметка и со истите да се купуваат најразлични производи преку интернет. Она што е најинтересно е дека сите трансакции кои се извршуваат се надвор од каква било контрола од финансиските институции во светот, така што преку нив лесно можат да се исперат парите.

### 3.3. Казина

Повеќето од активностите за перење пари се концентрирани во финансискиот сектор и другите сектори, но и казината може да бидат искористени како место каде што нелегално стекнатите пари ќе се „исперат" и ќе се прикажат како добивка од игра на среќа.[8] Така на пример, лицето кое сака да ги легализира парите може со потпуп или на друг начин да го принуди вработениот да му издаде потврда за поголема добивка од онаа што реално ја остварил и притоа да не го регистрира купувањето/продавањето на жетони. А тоа секако е уште подобро изводливо доколку сопствениците на казината се дел од организираната група.

Бидејќи Законот за кривичната постапка бара постоење на материјални докази – кои во случајот одат во корист на сторителот на делото - истргагите остануваат без успех.

### 3.4. Кредит

Една од почесто користените шеми за перење пари во Р.Македонија е кредитот. Лицето зема кредит од банка, а истиот го отплаќа со „валканите пари". Со успешното пласирање на парите тој дава објаснување за потеклото на парите - од заем, а исто така има и документација за заемот. Заемот исто така има бенефиции поврзани со даноците. Прво, заемот не се оданочува како приход, бидејќи тоа сепак не се ваши пари сè додека планирате да ги вратите. Второ, под одредени околности каматата платена

7) Трајковски, Г: „Спречување на перење пари кај банкарските институции", Скопје, 2011, стр.15

8) Види: Упатство за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за казина од Управа за јавни приходи, број: 21-2607/1 од 14.4.2014 г.

на заемите може даночно да се одбие. Ако перачот на пари има избор меѓу пријавување на парите како обичен приход од некој офшор бизнис или да ги пријави како „заем" кој не може да се оданочи, од некој офшор бизнис, одењето по патот на заемот ќе му заштеди дел од даноците. Во оваа шема перачот си ги позајмува сам на себе своите сопствени пари.[9]

**Заклучок**

Овој труд претставува уникатен обид за лоцирање на проблемот со откривање и докажувањето на кривичното дело „перење пари и други приноси од казнено дело" во рамките на кривичното законодавство. Ова кривично дело веќе повеќекратно е истражувано од аспект на пронаоѓање на механизми за негово превенирање и спречување, но многу малку се зборува за проблемот со неговото докажување. Не може да се зборува за превенција ако не постојат услови и механизми за негово откривање и докажување. Ако неговите сторители знаат дека нема да бидат фатени или дека нивното откривање е тешко, тие ќе продолжат да го шират криминалното дејствије со цел да добијат поголем профит и постојано овој криминален чин ќе биде во пораст.

Инкриминацијата на законското битие на кривичното дело „перење пари и други приноси од казниво дело", иако сеопфатна, се чини дека во пракса не може да одговори на предизвикот за целосно документирање на криминалната содржина на одделните случаи на перење пари.

Методите и техниките низ кои се одвива процесот на перење пари се далеку поусовршени од методите кои им стојат на располагање на органите на прогон, надлежни за негово откривање. Отсуството на кадровски капацитети, големите трошоци за детално истражување на случаите на перење пари и недостатокот од меѓународна соработка со одредени земји доведува до тоа голем дел од истрагите да завршат без успех. Од друга страна, постојат законски допуштени дејствија кои го олеснуваат процесот на перење пари, на пример нема преминување на товарот на докажување на осомниченото лице за потеклото на парите. Во недостиг од материјални докази и јасна поврзаност на паричните средства јавните обвинители ја менуваат правната квалификација на делото и покренуваат обвинение за некое друго кривично дело.

Глобалните одговори на предизвикот на перење пари би можеле да бидат во форма на подигнување на свеста за овој феномен, особено за неговото социо-економско влијание, создавање на неопходни правни и институционални рамки и зајакнување на меѓународната соработка. Донесување соодветни законски прописи, формирање на посебни

[9] Дупчинова, С: „Процесот на спречување на перење пари во Република Македонија и во светот", Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Економски факултет – Прилеп, Прилеп, 2012.

тела, остварување на одредени облици на меѓународна соработка, како и преземање на посебни акции за сузбивање на дејствувањето на организираните криминални групи во иднина ќе резултира со поефикасна борба против овој сложен и глобален феномен.

## БИБЛИОГРАФИЈА

[1] Alex Marriage:"Secret structures,hidden crimes:Urgent steps to address hidden ownership", 2013.

[2] Дупчинова, С: „Процесот на спречување на перење пари во Република Македонија и во светот", Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Економски факултет – Прилеп, Прилеп, 2012.

[3] Emile van der Does de Willebois;Emily M. Halter; Robert A. Harrison;Ji Won Park;J.C. Sharman: "The Puppet Masters-How the Corrupt Use Legal Structures to Hide Stolen Assets and What to Do About It", The World Bank, 011.

[4] James Finckenauer: "The Mafia and Organized crime", Oneworld Publications, 2007.

[5] Наумовски, В: "Спречување на перење пари и финансирање на тероризмот", Универзитет Американ Колеџ - Скопје, 2011.

[6] Peter Lilley "Dirty dealing: The untold truth about global money laundering, internatonal crime and terrorism" third edition, Kogan Page Limited, 2006.

[7] Petter Gottschalk: "Policing Organized Crime: Intelligence Strategy Implementation",CRC Press,Taylor & Francis Group, 2010.

[8] Strategic Intelligence Unit of the Crime and Misconduct Commission (CMC),"Money laundering", July 2005.

[9] Трајковски, Г: „Спречување на перење пари кај банкарските институции", Скопје, 2011.

[10] Упатство за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за казина од Управа за јавни прходи, број: 21-2607/1 од 14.4.2014 г.

[11] Витларов, Т.: Казенено право. Посебен дел (авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 2008.

[12] Витларов Т, Калајџиев Г, Лабовиќ М, Стојановски Т: „Системска анализа на законската рамка и соработка меѓу надлежните институции во борбата против организираниот криминал", Фондација Институт отворено општество, 2015.